Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) и член 13 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 14 октомври 2022 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА
## ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ
## ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, му се издава лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија.

2. Лиценцата за вршење на енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија, е дадена во Прилог, којшто е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. “11 Октомври” бр.9, Скопје на 27 септември 2022 година, во согласност со Правилникот за лиценци и Одлуката за избор на вршител на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.206/22) до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторната комисија за енергетика), поднесе Барање за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија, УП1 бр. 11-384/22 од 27 септември 2022 година (во натамошниот текст: Барање).

Согласно член 8 став (5) од Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика на 29 септември 2022 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Барање.

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Прилог 1 точка 8, односно од Прилог 2 Образец БЛ 8 од Правилникот за лиценци, во оригинал и електронски во .pdf формат.

Друштвото достави дополнување на барањето на 29 септември 2022 година и на 6 октомври 2022 година.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е непотполно и согласно член 9 став (1) од Правилникот за лиценци изготви Известување за непотполно барање и истото го достави до барателот на 7 октомври 2022 година.

Друштвото го комплетираше барањето на 10 октомври 2022 година.

На ден 13 октомври 2022 година Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за републиката – Скопје достави Известување со нивен бр.19-6401/6 од 13 октомври 2022 заверен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр.11-2443/1 од 13 октомври 2022 година, со кое не известува за престанок на важноста на Договорот склучен за користење на топловодната дистрибутивна мрежа во Скопје бр.18-15756/1 од 31 декември

2012 година и бр.03-234 од 31 декември 2012 година, помеѓу Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје со Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за републиката – Скопје.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје ќе ја извршува енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија со намален број на извршители во однос на просечниот број на извршители со кои во последните години успешно се извршуваше оваа дејност од технички аспект. Заради ова, Регулаторната комисија за енергетика и препорачува на ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје веднаш по добивањето на лиценцата за вршење на енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија да го зголеми бројот на извршители на ниво на просечниот број на извршители во оваа енергетска дејност во последните години, и тоа со лица кои имаат искуство во извршувањето на дејноста, со долгогодишен континуитет во работата кај сите досегашни носители на лиценца за дистрибуција на топлинска енергија. Притоа, Регулаторната комисија за енергетика препорачува ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, покрај вработувањето на извршители од техничката струка со искуство во извршувањето на дејноста, да вработи и извршители од другите нетехнички струки со искуство во извршувањето на дејноста, заради нејзината специфичност и уникатност.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 10 од Правилникот за лиценци изготви предлог - одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија. Предлог - одлуката, согласно Решение за свикување на подготвителна седница бр.02-2434/1 од 13 октомври 2022 година, беше предмет на расправа на подготвителната седница која се одржа на 14 октомври 2022 година.

На подготвителната седница беа поканети членовите на Регулаторната комисија за енергетика, претставници од ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје, ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ, ЕСМ Снабдување на топлина ДООЕЛ, АД ЕСМ Скопје, ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, АД ЕСМ – Подружница Енергетика Скопје, ТЕ-ТО АД Скопје, кабинет на Претседател на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на Заменик Претседателот на Влада на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, Град Скопје, Министерство за економија, Министерство за финансии, Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за републиката – Скопје, Комисијата за заштита на конкуренција, Стопанска комора на Северна Македонија, Сојуз на стопански комори на Македонија, Организација на потрошувачи на Македонија, како и претставник од Советот за заштита на потрошувачите на РСМ.

Регулаторната комисија за енергетика на 14 октомври 2022 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* и член 13 од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија на Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 11-384/22**
**14.10.2022 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

**Прилог**

# ЛИЦЕНЦА
# ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ
# ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА

1. **Назив и седиште на носителот на лиценцата:**

   Друштво за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „11 Октомври“ бр. 9, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.

2. **Енергетска дејност за која се издава лиценцата:**

   Дистрибуција на топлинска енергија

3. **Датум на издавање на лиценцата:**

   14 октомври 2022 година

4. **Период на важење на лиценцата:**

   35 години

5. **Датум на важење на лиценцата:**

   14 октомври 2057 година

6. **Евидентен број на издадената лиценца:**

   ТЕ-ДИСТР-17-2022

7. **Единствен матичен број:** 7605420

8. **Единствен даночен број:** 4080022607918

9. **Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**

   Со оваа лиценца се определуваат начинот и условите за вршење на енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија како дејност од јавен интерес, како и правата и обврските на носителот на лиценцата.
   Енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија, во смисла на оваа лиценца е пренесување на топла вода или пареа преку дистрибутивна мрежа и управување со системот за дистрибуција на топлинска енергија на определено подрачје заради испорака на топлинска енергија на потрошувачите, не вклучувајќи снабдување со топлинска енергија.

10. **Подрачје на кое ќе се врши енергетската дејност**

    Носителот на лиценцата Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија ја врши на подрачјето на градот Скопје односно на делови од подрачјата на општините: Аеродром, дел од Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Центар и Чаир.

## 11. Објекти преку кои ќе се врши дистрибуција на топлинска енергија

Носителот на лиценцата врши дистрибуција на топлинска енергија преку дистрибутивната мрежа која се протега од точката на прием на произведената топлинска енергија од топланите па преку магистрални, секундарни, приклучни водови и топлински станици, до мерното место, односно до точката на испорака на крајните корисници на топлинската енергија приклучени на системот за дистрибуција на топлинската енергија.
Техничките карактеристики на основните средства за дистрибуција на топлинска енергија се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на оваа лиценца.

## 12. Обезбедување на пристап, приклучување и користење на дистрибутивната мрежа

Носителот на лиценцата е должен, во согласност со начелата на објективност, недискриминаторност и транспарентност, да обезбеди пристап, приклучување и користење на дистрибутивната мрежа за трети лица во согласност со Законот за енергетика*, друг пропис и општ акт.

## 13. Обврски за носителот на лиценца

Носителот на лиценцата е должен:

- да ги почитува законите, другите прописи и општи акти, како и правилниците и другите прописи кои ги пропишува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика на Република Северна Македонија во согласност со Законот за енергетика*;
- да ја одржува, надградува и проширува мрежата за дистрибуција на топлинска енергија во системот;
- да обезбеди сигурно, безбедно и доверливо функционирање на системот за дистрибуција на топлинска енергија во согласност со мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија и условите утврдени во лиценцата;
- да го одржува, развива и кога тоа е економски исплатливо, проширува системот за дистрибуција, во согласност со мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија и со плановите за развој на системот, усогласени со плановите и програмите за развој на енергетиката на единиците на локална самоуправа;
- да ги приклучи производителите и потрошувачите на системот за дистрибуција со кој управува, како и да овозможи пристап на трета страна за користење на системот за дистрибуција во согласност со овој закон и мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија, врз основа на начелата на објективност, транспарентност и недискриминација, со примена на цените и тарифите претходно одобрени и објавени од страна на Регулаторната комисија за енергетика;
- да обезбеди топлинска енергија потребна за покривање на загубите во дистрибутивната мрежа и системски услуги од регулираниот производител;
- да врши набавка, поставување и одржување на мерните уреди на излезните точки од производните постројки и во топлинските потстаници на коишто се приклучени објектите на потрошувачите и мерење на топлинската енергија којашто се презема или испорачува од топлинскиот систем, во согласност со мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија;
- да ги преземе сите пропишани мерки за безбедност при користењето на системот за дистрибуција на топлинска енергија, како и мерките за заштита на животната средина;
- да ја испорача топлинската енергија од местата на приклучок на производните постројки до местата на приклучување на потрошувачите на системот (топлинска потстаница), во согласност со мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија и условите утврдени во лиценцата;
- да обезбеди квалитетна испорака на топлинската енергија преку системот за дистрибуција;

- да го усогласи работењето на системот со производителите заради непречено вршење на дистрибуција на топлинска енергија;
- да врши надзор и тестирање на системот за дистрибуција на топлинска енергија;
- да ја следи техничката и функционалната подготвеност на објектите за дистрибуција на топлинска енергија;
- да подготви долгорочна прогноза на побарувачката на топлинска енергија за потребите на регулираниот производител на топлинска енергија;
- да ја откупува топлинската енергија произведена од производителите приклучени на системот за дистрибуција на топлинска енергија со кој управува;
- по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, да склучи договор со регулираниот производител на топлинска енергија со времетраење не покусо од една година;
- по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, е должен да склучи договори со снабдувачите со топлинска енергија за продажба на топлинска енергија наменета за потребите на потрошувачите;
- да ја достави до Регулаторната комисија за енергетика целокупната документација во врска со исполнување на договорите со производителите и снабдувачите со топлинска енергија, како и финансиските извештаи и ревидираните финансиски извештаи изработени од овластен ревизор, извештаите за работењето и други податоци, во согласност со условите пропишани со лиценцата издадена од Регулаторната комисија за енергетика.

## 14. Планирање, одржување и развој на дистрибутивната мрежа

Заради сигурно и ефикасно функционирање на дистрибутивната мрежа, носителот на лиценцата е должен истата да ја одржува, обновува и развива на начин кој што ќе овозможи сигурно, безбедно и ефикасно користење на дистрибутивната мрежа.
Носителот на лиценцата е должен секоја година, најдоцна до 31 март, до Регулаторната комисија да поднесе План за развој на дистрибутивната мрежа за период од пет години како и годишна програма за реализација на планот.

Планот за развој на дистрибутивната мрежа особено треба да содржи:

- опис на постојната состојба на дистрибутивната мрежа;
- идни процени за капацитетот и функционалноста на дистрибутивната мрежа;
- локации каде се планира да се обновува и/или развива дистрибутивната мрежа;
- финансиски извори за реализација на планот;
- мерки и активности со кои се врши надградба на делови од постоечкиот систем за дистрибуција, заради зголемување на неговиот капацитет, согласно генералниот и деталните урбанистички планови;
- мерки и активности за изградба на нова дистрибутивна мрежа со цел приклучување на нови конзумни подрачја, согласно генералниот и деталните урбанистички планови.

## 15. Обврска за одвоена сметководствена евиденција

Носителот на лиценцата е должен да:

- води одвоено сметководство за секоја поединечна регулирана енергетска дејност што ја врши;
- вклучи во своето сметководство финансиски извештаи за енергетската дејност за чие вршење е должен да обезбеди јавна услуга, доколку во согласност со Законот за енергетика* му е доделен надоместок за вршење на услуга од општ економски интерес согласно со прописите за државна помош;

- изготви и објави финансиски извештаи и други извештаи за регулираната дејност што ја врши, во согласност со прописите и правилата за финансиско известување и ревизија;
- во своето седиште да чува копија од документите и да ги направи достапни за увид на надлежните органи;
- достави до Регулаторната комисија за енергетика ревидирани годишни финансиски извештаи за секоја регулирана дејност одделно, и да ги објави на својата веб страница. За нерегулираните енергетски и други дејности, финансискиот извештај што се доставува до Регулаторната комисија за енергетика може да биде во консолидирана форма. Финансиските извештаи треба да бидат изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување и
- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието во врска со дејноста дистрибуција на топлинска енергија.

## 16. Доверливост на информациите

Носителот на лиценцата е должен во согласност со закон, да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации кои при вршењето на енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија кои ги добива од корисниците на дистрибутивната мрежа.

## 17. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 31 март во тековната година да достави годишен извештај за делокругот на своето работење, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година. Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.
Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1. обемот на дистрибуција на топлинска енергија во текот на претходната година (вкупна количина на дистрибуирана топлинска енергија);
2. финансиски извештај за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца за вршење на енергетска дејност, составен од:
   - биланс на состојба и биланс на успех,
   - извештај за промените во главнината,
   - извештај за паричните текови,
   - применетите сметководствени политики, и
   - други објаснувачки белешки подготвени во согласност со меѓународните сметководствени стандарди;
3. превземени мерки во текот на претходната година за:
   - заштита на опремата и објектите од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност,
   - заштита при работа,
   - обука и стручно усовршување на вработените заради сигурно, безбедно и квалитетно вршење на енергетската дејност,
   - заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,
   - спроведување на мониторинг врз сопственото работење,
   - обезбедување на услови за сигурно, континуирано и квалитетно вршење на енергетската дејност,
   - обезбедување на енергетска ефикасност,

- вршење на енергетската дејност во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба;

4. остварување на годишната програма за реализација на Планот за развој и проширување на дистрибутивната мрежа, во претходната година;
5. извршување на програма за ремонти во претходната година;
6. состојба со кадровска екипираност за извршување на пооделни задачи при вршењето на енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија;
7. извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли;
8. бизнис план за тековната година и оценка за реализирање на бизнис планот во претходната година;
9. реализација на обврската за информирање на потрошувачите и превземени мерки за подобрување на квалитетот на услугата.

**18. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на енергетската дејност**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- во писмена и/или електронска форма, месечни и квартални извештаи за количина на дистрибуирана топлинска енергија, вкупно и по видови на потрошувачи, за бројот и времетраењето на планираните и непланираните прекини во испораката и други податоци согласно Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија;
- известување за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија;
- договори во врска со вршење на енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија кои што ги склучил со други носители на лиценци за вршење на енергетска дејност и договори за приклучок со корисници на дистрибутивната мрежа.

**19. Заштита на опремата и објектите од надворешни влијанија**

Носителот на лиценцата е должен во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на оваа лиценца да донесе План за заштита на објектите и уредите за дистрибуција на топлинска енергија и истиот да го достави до Регулаторната комисија за енергетика.

**20. Обврска за овозможување на пристап до објектите и инсталациите и непосреден увид во документацијата**

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да и овозможи непосреден увид во целокупната документација, како и пристап во објектите, деловните простории, други простории, инсталациите, како и на средствата и опремата потребни за вршење на енергетската дејност, во согласност со Правилникот за лиценци.

**21. Квалитет на дистрибуција на топлинска енергија**

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди постојан квалитет во вршење на услугата дистрибуција на топлинска енергија, согласно пропишаните услови за снабдување со топлинска

енергија и другите прописи, како и да врши постојан мониторинг на квалитетот на дистрибуцијата на топлинска енергија.

**22.Цена за вршење на енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија**

Носителот на лиценцата е должен цената за вршење на енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија, да ја формира во согласност со Правилникот за регулирање на цени за топлинска енергија и системски услуги.

Носителот на лиценцата е должен цените за вршење на енергетската дејност дистрибуција на топлинската енергија, да ги објавува на својата веб страна.

**23.Изменување и дополнување на лиценцата**

Изменувањето и дополнувањето на оваа лиценца ќе се врши исклучиво во согласност со одредбите од Правилникот за лиценци.

**24.Мерки во случај на неисполнување на обврските од страна на носителот на лиценцата**

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе превземе мерки согласно Правилникот за лиценци.

Прилог 1

## Технички карактеристики на основните средства за вршење на енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија

### 1. Технички карактеристики на мрежата за дистрибуција на топлинска енергија на подрачјето на градот Скопје, односно на делови од подрачјата на општините Аеродром, дел од Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Центар и Чаир.

| Дименција на цевка (DN) | Должини на цевководи (km) | | |
|---|---|---|---|
| | Магистрални и секундарни | Приклучоци | Вкупно |
| 25 | 0 | 0,045 | 0,045 |
| 32 | 1,2 | 20,3 | 21,5 |
| 40 | 3,7 | 14,0 | 17,7 |
| 50 | 9,5 | 21,4 | 30,9 |
| 65 | 17,6 | 20,9 | 38,5 |
| 80 | 13,0 | 5,4 | 18,4 |
| 100 | 19,2 | 2,7 | 21,9 |
| 125 | 14,1 | 0,9 | 15 |
| 150 | 16,9 | 0,7 | 17,6 |
| 175 | 3,2 | 0 | 3,2 |
| 200 | 12,8 | 0,4 | 13,2 |
| 225 | 0,9 | 0 | 0,9 |
| 250 | 8,5 | 0 | 8,5 |
| 300 | 4,8 | 0 | 4,8 |
| 350 | 5,2 | 0 | 5,2 |
| 400 | 3,9 | 0 | 3,9 |
| 450 | 6,2 | 0 | 6,2 |
| 500 | 5,2 | 0 | 5,2 |
| 600 | 3,7 | 0 | 3,7 |
| 700 | 4,8 | 0 | 4,8 |
| 800 | 0,0040 | 0 | 0,0040 |
| **Вкупно** | **154,5** | **86,8** | **241,3** |

## 2. Карактеристики на мерни уреди

| Ред. бр. | Димензија | Количини |
|---|---|---|
| **1** | DN15 | 332 |
| **2** | DN20 | 859 |
| **3** | DN25 | 661 |
| **4** | DN32 | 62 |
| **5** | DN40 | 567 |
| **6** | DN50 | 234 |
| **7** | DN65 | 49 |
| **8** | DN80 | 17 |
| **9** | DN100 | 10 |
| | Вкупно: | 2791 |

## 3. Број на топлински станици

| Ред. бр. | Димензија | Количини |
|---|---|---|
| 1 | 25 | 1 |
| 2 | 32 | 868 |
| 3 | 40 | 488 |
| 4 | 50 | 632 |
| 5 | 65 | 490 |
| 6 | 80 | 113 |
| 7 | 100 | 47 |
| 8 | 125 | 8 |
| 9 | 150 | 3 |
| 10 | 200 | 2 |
| | Вкупно: | 2652 |

## 4. Пумпни станици во дистрибутивната мрежа

| ПРЕПУМПНИ СТАНИЦИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. Број** | **Производител** | **Тип на пумпа** | **Локација** | **количина** |
| **1** | MZT | KCP 182-2 | ТО ВОДНО | 2 |
| **2** | WILO | IPN 80/160<br>(BL 80/160 -15/2) | Шахта “А“ | 2 |
| **3** | Wilo | Stratos 80/1-12 | Питу гули 46 | 1 |
| **4** | Grundfos | UPS 80/60 (^Top S 80/10 od 10.2018) | Питу Гули 57 | 1 |
| **5** | MZT | S15 CP25-4c | Шахта “Б“ | 2 |
| | IMP | CL 801 | | 1 |
| | WILO | IPN 80/160<br>(BL 80/160 -15/2) | | 2 |
| **6** | WILO | IL 80/170-15/2<br>(IL 80/170-15/2) | Ул. Загребска | 1 |
| **7** | WILO | Stratos 50/1-12 | ОУ Кочо Рацин- према Ацо Караманов | 1 |
| **8** | WILO | IL 80/140-7.5/2 | Ул. П. Зографски | 1 |
| **9** | KSB | R GN 300-400/16004 | Препумпна станица “Партизанска“ | 1 |
| **10** | KSB | ETN 200-150-400 GG AA 22GD507504B | Препумпна станица 11 Окт. | 3 |
| **11** | KSB | ETN 200-150-400 GG AA 22GD507504B | ТО Запад - вод Козле | 1 |

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 45 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19и 236/22) и член 22 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА МЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија на Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија бр 220/22) во Прилогот, Прилогот 1 - Технички карактеристики на основните средства за вршење на енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија се заменува со нов Прилог 1, кој е составен дел на оваа одлука.

2. Измената на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши по барање на носителот поради зголемување на капацитетите со кои се врши дејноста.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија а ќе се применува од 1 февруари 2023 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. “11 Октомври” бр.9, Скопје на 14 ноември 2022 година, во согласност со Правилникот за лиценци и Одлуката за изменување на одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерското друштво за производство на електрична енергија , ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/22) до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторната комисија за енергетика), поднесе Барање за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија, УП1 бр. 11-480/22 од 14 ноември 2022 година (во натамошниот текст: Барање). Друштвото бара менување поради зголемување на капацитетите со кои ќе ја врши дејноста.

Согласно член 8 став (5) од Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика на 14 ноември 2022 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Барање.

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Прилог 1 точка 8, односно од Прилог 2 Образец БЛ 22 од Правилникот за лиценци, во оригинал и електронски во .pdf формат.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е непотполно и согласно член 9 став (1) од Правилникот за лиценци изготви Известување за непотполно барање УП1 бр. 11-480/22 од 22 ноември 2022 година и истото го достави до барателот.

Друштвото достави дополнување на документација кон барањето на 16 декември 2022 година.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 10 од Правилникот за лиценци изготви предлог - одлука за менување на одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија. Предлог - одлуката, согласно Решение за свикување на подготвителна седница бр.02-168/1 од 25 јануари 2023 година, беше предмет на расправа на подготвителната седница која се одржа на 27 јануари 2023 година.

На подготвителната седница беа поканети членовите на Регулаторната комисија за енергетика, претставници од ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје, ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ, ЕСМ Снабдување на топлина ДООЕЛ, АД ЕСМ Скопје, ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, АД ЕСМ – Подружница Енергетика Скопје, ТЕ-ТО АД Скопје, кабинет на Претседател на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на Заменик Претседателот на Влада на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, Град Скопје, Министерство за економија, Министерство за финансии, Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за републиката – Скопје, Комисијата за заштита на конкуренција, Стопанска комора на Северна Македонија, Сојуз на стопански комори на Македонија, Организација на потрошувачи на Македонија, како и претставник од Советот за заштита на потрошувачите на РСМ.

Регулаторната комисија за енергетика на 30 јануари 2023 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 од Законот за енергетика* и член 22 од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за менување на одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија на Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 11- 480/22**
**30 јануари 2023 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

## Прилог 1

# Технички карактеристики на основните средства за вршење на енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија

**1. Технички карактеристики на мрежата за дистрибуција на топлинска енергија на подрачјето на градот Скопје, односно на делови од подрачјата на општините Аеродром, дел од Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Центар и Чаир.**

| Димензија на цевка (DN) | Должини на цевководи (km) | | |
|---|---|---|---|
| | Магистрални и секундарни | Приклучоци | Вкупно |
| 25 | 0 | 0.1 | 0.1 |
| 32 | 1.2 | 20.4 | 21.6 |
| 40 | 3.9 | 15.1 | 19.0 |
| 50 | 10.0 | 22.0 | 32.0 |
| 65 | 18.3 | 21.6 | 40.0 |
| 80 | 13.5 | 5.5 | 19.1 |
| 100 | 19.3 | 2.8 | 22.1 |
| 125 | 14.9 | 0.9 | 15.8 |
| 150 | 17.3 | 0.7 | 18.0 |
| 175 | 3.3 | 0 | 3.3 |
| 200 | 13.5 | 0.4 | 13.9 |
| 225 | 0.9 | 0 | 0.9 |
| 250 | 9.1 | 0 | 9.1 |
| 300 | 5.0 | 0 | 5.0 |
| 350 | 6.1 | 0 | 6.1 |
| 400 | 3.9 | 0 | 3.9 |
| 450 | 6.2 | 0 | 6.2 |
| 500 | 5.2 | 0 | 5.2 |
| 600 | 3.7 | 0 | 3.7 |
| 700 | 4.8 | 0 | 4.8 |
| 800 | 0.0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **160.1** | **89.5** | **249.6** |

## 2. Карактеристики на мерни уреди

| Ред. бр. | Димензија | Количини |
|---|---|---|
| 1 | DN15 | 332 |
| 2 | DN20 | 907 |
| 3 | DN25 | 674 |
| 4 | DN32 | 73 |
| 5 | DN40 | 584 |
| 6 | DN50 | 237 |
| 7 | DN65 | 49 |
| 8 | DN80 | 17 |
| 9 | DN100 | 10 |
| | Вкупно: | 2883 |

### 3. Број на топлински станици

| Ред. бр. | Димензија | Количини |
|---|---|---|
| 1 | 20 | 1 |
| 2 | 25 | 32 |
| 3 | 32 | 881 |
| 4 | 40 | 513 |
| 5 | 50 | 642 |
| 6 | 65 | 501 |
| 7 | 80 | 115 |
| 8 | 100 | 47 |
| 9 | 125 | 8 |
| 10 | 150 | 3 |
| 11 | 200 | 2 |
| | Вкупно: | 2745 |

### 4. Пумпни станици во дистрибутивната мрежа

| ПРЕПУМПНИ СТАНИЦИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. Број** | **Производител** | **Тип на пумпа** | **Локација** | **количина** |
| 1 | MZT | KCP 182-2 | ТО ВОДНО | 2 |
| 2 | WILO | IPN 80/160 (BL 80/160 -15/2) | Шахта "А" | 2 |
| 3 | Wilo | Stratos 80/1-12 | Питу гули 46 | 1 |
| 4 | Grundfos | UPS 80/60 (^Top S 80/10 od 10.2018) | Питу Гули 57 | 1 |
| 5 | MZT | S15 CP25-4c | Шахта "Б" | 2 |
| | IMP | CL 801 | | 1 |
| | WILO | IPN 80/160 (BL 80/160 -15/2) | | 2 |
| 6 | WILO | IL 80/170-15/2 (IL 80/170-15/2) | Ул. Загребска | 1 |
| 7 | WILO | Stratos 50/1-12 | ОУ Кочо Рацин- према Ацо Караманов | 1 |
| 8 | WILO | IL 80/140-7.5/2 | Ул. П. Зографски | 1 |
| 9 | KSB | R GN 300-400/16004 | Препумпна станица "Партизанска" | 1 |
| 10 | KSB | ETN 200-150-400 GG AA 22GD507504B | Препумпна станица 11 Окт. | 3 |
| 11 | KSB | ETN 200-150-400 GG AA 22GD507504B | ТО Запад - вод Козле | 1 |